Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, бр.89/22 и 274/22), Управниот одбор на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, донесе

Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 01-247/30
23.03.2023 год.

# С Т А Т У Т
## на Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип
(пречистен текст)

### *I. Општи одредби*

**Член 1**

Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица" Пробиштип (во натамошниот текст: Јавно претпријатие) е настанато со делење на постојното Јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица и Злетовица " ЦО Скопје на две јавни претпријатија: Јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Скопје и Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица" Пробиштип, со Одлуката за делење на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје бр.0201-267 од 14.05.2001 година донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица и Злетовица " ЦО Скопје (Сл.весник на РМ бр. 53/2001 од 12 јуни 2001 година ) на која Владата на РМ со Одлука бр.23-2313/1 од 12 јуни 2001 година даде согласност , а со допис бр. 23-3213/2 од 17 јули 2001 година и понатаму ги задржува основачките права на двете јавни претпријатија.

**Член 2**

Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица" Пробиштип е запишано во трговскиот регистар во Основниот суд Скопје I Скопје под Трг.бр. 2707/2001 од 23.07.2001 година.

**1 .Фирма и седиште**

**Член 3**

Фирмата на Јавното претпријатие на македонски јазик е:

Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица" Пробиштип.

Скратен назив на фирмата на македонски јазик е:

ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип.

Фирмата на Јавното претпријатие на албански јазик е: Ndërmarrje publike për ekzekutimin e aktiviteteve të ekonomisë së ujërave HS "Zletovica" Probishtip.

Скратен назив на фирмата на албански јазик е: NP HS "Zletovica" Probishtip.

Во меѓународниот правен промет фирмата на Јавното претпријатие е: Public enterprize for water supply activities HS "Zletovica" Probishtip.

Скратен назив на фирмата во меѓународниот правен промет е: PE HS "Zletovica" Probishtip.

**Член 4**

Седиштето на Јавното претпријатие е во Пробиштип на улица Цветко Тонев бр.3А.

**Член 5**

Јавното претпријатие има печат и штембил.

Печатот е во тркалезна форма и го содржи текстот:

Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица" Пробиштип/Ndërmarrje publike për ekzekutimin e aktiviteteve të ekonomisë së ujërave HS "Zletovica" Probishtip

Штембилот е во правоаголна форма со следниот текст:

Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС "Злетовица"/Ndërmarrje publike për ekzekutimin e aktiviteteve të ekonomisë së ujërave HS "Zletovica" Бр./Nr. __________, а под него место за датум, по што следи Пробиштип/ Probishtip.

**Член 6**

Јавното претпријатие има свој знак (амблем ).

Знакот (амблемот ) е три капки вода на плава подлога.

***II . Застапување и претставување***

**Член 7**

Јавното претпријатие го застапува и претставува Директорот, а во негово отсуство заменик на директорот.

**Член 8**

Директорот на јавното претпријатие може определени работи да ги довери на вршење на раководни работници во јавното претпријатие утврдени со општиот акт за внатрешна организација и систематизација на работите односно работните задачи .

***III. Дејност на Јавното претпријатие***

**Член 9**

Дејноста на јавното претпријатие е следната:

01.41/1 - Искористување на водите во земјоделството

14.21 - Вадење на чакал и песок

40.00/4 - Производство на хидроелектрична енергија

41.00 - Собирање ,пречистување , дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода,

45.24 - Изградба на хидроградежни објекти

74.20/2 - Проектирање

74.20/3 - Инженеринг

**Член 10**

Јавното претпријатие може да ја прошири и менува дејноста со Одлука на Управниот одбор врз основа на дадена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

***IV. Организација на јавното претпријатие***

**Член 11**

Јавното претпријатие е организирано во единствена организациона, економска и правна целина.

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- Техничко технолошко единство на системот;
- Ефикасност и транспарентност во работењето;
- Развој и усогласеност на солствениот развој со вкупниот стопански развој;
- Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги;
- Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата;

**Член 12**

Во јавното претпријатие се формираат три сектори, и тоа:

1. Технички сектор;
2. Сектор за општи, правни работи и човекови ресурси и
3. Сектор за финансиско работење.

**Член 13**

Со актот за внатрешна организација поблиску се уредува внатрешното организирање на јавното претпријатие.

**4.1.Работи кои се вршат во Јавното претпријатие**

**Член 14**

Јавното претпријатие во рамките на својата дејност врши:

- инвестициони работи и надзор над објектите од ХС Злетовица;
- координација на производството, пренесувањето и дистрибицијата на вода;
- изготвување на предлог планови и програми за тековно и инвестиционо одржување на објектите;
- ја следи примената на техничките прописи, нормативи и стандарди од областа на производството, пренесувањето и дистрибуцијата на вода, како и прописите за заштита при работа;
- изготвување на програма за развој на јавното претпријатие;
- изготвување на техничка документација за реализација на плановите за развој;
- техничка и финансиска контрола и автоматска обработка на податоците;
- планирање и анализа на работењето;
- анализа на резултатите од работењето на јавното претпријатие;
- набавка на средства, репроматеријали, опрема и услуги;
- координира, изготвува и утврдува предлог планови за набавка на резервни делови и репроматеријали и ја следи нивната реализација;
- работи на книговодствена евиденција;
- финансиски работи;
- општо кадрови и правни работи;
- имотно правни работи;
- застапување пред надлежните управни , судски и други органи;
- нормативна дејност;
- работи на информирање во јавното претпријатие;
- физичко обезбедување и заштита на објектите, и
- други административно технички и општи работи

***V. Овластувања на Јавното претпријатие во правниотпромет***

**Член 15**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица јавното претпријатие настапува во свое име и за своја сметка.

За своите обврски јавното претпријатие одговара со сиот свој имот.

Јавното претпријатие има право да стекнува имот според член 6 став 2 од Законот за јавни претпријатија.

***VI. Планирање на работата и развој на Јавното претпријатие***

**Член 16**

Јавното претпријатие за својата работа и развој донесува долгорочни и среднорочни програми за развој и годишна програма за работа.

**Член 17**

Долгорочната програма за развој содржи :

- проценка на обемот на производство и потрошувачка на вода посебно кај корисниците;
- развој на капацитетите за производство и дистрибуција на вода;
- изградба на нови дополнителни капацитети за водоснабдување на поширокото подрачје кај постојните корисници;
- обем и средства потребни за извршување на програмите за развој со динамика на прилив и користење, и
- други елементи пропишани со пропис и акти на претпријатието.

Долгорочната програма за развој се донесува за 10 години.

**Член 18**

Среднорочната програма за развој содржи:

- план на потреби;
- план за развојно - истражувачка работа;
- цели и насоки на развојот;
- изградба на нови водоснабдителни капацитети;
- начин на обезбедување на средства за развој;
- обезбедување на други извори на финансирање, и
- други елементи

Среднорочната програма за работа се донесува за 5 години .

**Член 19**

Годишната програма за работа содржи:

- план за производство и дистрибуција на вода;
- план за инвестиционо одржување и вложувања;
- мерки за реализација на програмата;
- план за работна сила;
- план со динамика и средства за реализација;
- план за плати;
- план за деловен успех и ликвидност, и
- други елементи сврзани со планирањето на годишната работа

***VII. Средства на јавното претпријатие***

**Член 20**

На Јавното претпријатие останувааат во трајно располагање и користење основните средства како и проектната документација за ХС Злетовица со кои располагаше ДОО Злетовица Пробиштип.

Основните средства од став 1 на овој член се имот на јавното претпријатие.

Паричните средства кои претставуваат средства за работењето и развојот на Јавното претпријатие, кои ги користи и со кои располага Јавното претпријатие се паричните средства во износ од 1.437.116.703,00 денари утврдени со состојба на 31.12.2022 година, обезбедени од Република Северна Македонија по разни основи.

**Член 21**

Средствата што ги остварува јавното претпријатие се:

- приходи остварени од тековно работење, и
- средства од донации, буџет и други средства

Јавното претпријатие има обврска да доставува тримесечни извештаи до основачот кои ќе содржат показатели за финансиското работење.

Јавното претпријатие е должно да ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 35 дена по истекот на тромесечјето.

Јавното претпријатие е должно по усвојување на тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење од страна на управниот одбор на јавното претпријатие, истиот да го објави на својата веб страница најдоцна 35 дена по истекот на тромесечјето.

Јавното претпријатие е должно годишните сметки и финансиските извештаи да ги објави на својата веб страница во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централен регистар на Република Северна Македонија.

### *VIII. Органи на јавното претпријатие*

**Член 22**

Органи на јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење и Директор.

### 1.Управен одбор

**Член 23**

Орган на управување на Јавното претпријатие е Управниот одбор.

Управниот одбор се состои од седум членови кои ги именува, односно разрешува Владата на Република Северна Македонија.

За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени во член 17 ставови 4 и 5 од Законот за јавните претпријатија.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 23-а**

За постапката за именување на членови на Управниот одбор, распишувањето на јавниот повик за избор на членови на Управниот одбор, постапката за селекција на членови на Управниот одбор (административна селекција и интервју), донесувањето на одлука за именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати, поведувањето на управен спор од страна на незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие, како и разрешувањето односно престанокот на мандатот на членовите на Управниот одбор, се применуваат одредбите од членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија.

**Член 24**

Управниот одбор на првата седница од своите редови избира претседател и заменик претседател.

Претседателот и заменикот претседател се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

**Член 25**

Управниот одбор на јавното претпријатие:

1. Донесува статут, негово изменување и дополнување;
2. Одлучува за статусни промени на јавното претпријатие;
3. Донесува Годишна инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој;
4. Одлучува за распоредување на добивката и покривање на загубата;
5. Одлучува за задолжување на јавното претпријатие;
6. Одлучува за цената на водата односно ја утврдува истата;
7. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
8. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување

на платите на вработените во јавното претпријатие;
9. Го избира и разрешува Директорот и Заменик на директорот на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, врз основа на распишан јавен конкурс согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија;
10. Именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци;
11. Дава согласност за службените патувања во странство, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од јавното претпријатие;
12. Донесува деловник за работа;
13. Донесува акт за внатрешна организација на јавното претпријатие и акт за систематизација на работните места во јавното претпријатие;
14. Донесува други општи акти на јавното претпријатие како и нивно изменување и дополнување;
15. Донесува решенија за надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор и претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие, во износ согласно утврдената висина од страна на Владата на Република Северна Македонија согласно член 19 став 6 и член 27 став 9 од Законот за јавните претпријатија;
16. Формира постојани и повремени комисии за работи од негова надлежност;
17. Разгледува и одлучува по барања од органи, институции, правни лици и граѓани;
18. Разгледува прашања од областа на одбраната во делот на дејноста на јавното претпријатие;
19. Одлучува по приговори за заштита на правата на работниците во случаи утврдени со закон и колективен договор;
20. Донесува одлука за овластени потписници на жиро сметката на јавното претпријатие;
21. Донесува годишна програма за работа и развој на јавното претпријатие;
22. Донесува финансиски план на јавното претпријатие;
23. Ја утврдува деловната политика на јавното претпријатие;
24. Донесува одлуки за инвестиции;
25. Донесува одлуки за набавка на основни средства;
26. Донесува одлука за вршење на попис на средствата,побарувањата и обврските;
27. Донесува одлуки за расходување и оттуѓување на основни средства;
28. Донесува одлуки кои се однесуваат на износи над 50.000,00 евра по претходно одобрение на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење и
29. Врши други работи кои се во функција на вршењето на дејноста согласно овој статут и закон.

На актите од ставот 1 точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член, донесени од Управниот одбор на јавното претпријатие, за кои согласно Законот за јавните претпријатија согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

Претседателот на Управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Управниот одбор овластен од претседателот присуствува на седницата на Владата на Република Северна Македонија, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Месечниот надоместок за работата на претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие за присуство на седници на Управниот одбор, кој не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во Јавното претпријатие исплатена во претходната година, се остварува во висина утврдена од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Член 26**

Начинот на работата и одлучувањето на Управниот одбор се уредува со деловник за работа.

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на управен одбор.

**2.Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење**

**Член 27**

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: Надзорен одбор) составен од три члена.

За член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува условите предвидени во член 26 ставови 2 и 3 од Законот за јавните претпријатија.

Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува Владата на Република Северна Македонија.

**Член 27-а**

Во постапката за именување и разрешување на членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија, кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на Управен одбор.

**Член 28**

Надзорниот одбор за контрола ги врши следните работи:

- врши увид во сите документи од материјално -финансиското работење на јавното претпријатие;
- ги прегледува периодичната пресметка и завршна сметка на претпријатието и дава мислење до Управниот одбор;
- го прегледува извештајот за работењето на јавното претпријатие, и
- други работи согласно Законот

Претседателот на Надзорниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Надзорниот одбор овластен од претседателот присуствува на седницата на Владата на Република Северна Македонија, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие.

Надоместокот за претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале, кој не смее да го надмине износот од една третина од просечната нето-плата на вработените во Јавното претпријатие исплатена во претходната година, се остварува во висина утврдена од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Член 29**

За преземените активности од доменот на својата надлежност утврдена во чл.28 на овој статут, Надзорниот одбор за контрола дава мислење на Управниот одбор на јавното претпријатие, ресорните министерства утврдени со закон и Владата на Република Северна Македонија.

**Член 30**

Надзорниот одбор за контрола работи на седници.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Поблиски одредби за начинот на работата на Надзорниот одбор се уредуваат со Деловник.

**Член 31**

Членовите на Надзорниот одбор за контрола имаат право да присуствуваат на седница на Управниот одбор, без право на глас.

## 3.Директор и Заменик на директор

**Член 32**

Со работата на јавното претпријатие раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува управниот одбор.

Управниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Управниот одбор на јавното претпријатие три месеци пред истекот на мандатот на постојниот заменик на директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на заменик на директор.

Во објавениот јавен конкурс од ставот 2 на овој член се утврдуваат условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за директор и заменик на директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот, согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија.

Пристигнатите документи ги прегледува трichлена комисија избрана од управниот одбор и во рок од осум дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до управниот одбор на јавното претпријатие.

Управниот одбор во рок од 15 дена од денот на доставување на документацијата од ставот 4 на овој член, донесува одлука за избор на директор и заменик на директор на јавното претпријатие.

Ако по распишаниот конкурс не се избере директор, управниот одбор во рок од пет дена од денот на истекот на рокот од ставот 5 на овој член именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци. Јавното претпријатие кое има заменик на директор на кој не му е истечен мандатот, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци, ја врши должноста директор.

Директорот и заменик на директорот се избираат со мандат од четири години.

**Член 32 а**

Директорот и Заменик на директорот за својата работа одговараат пред Управниот одбор на јавното претпријатие.

Директорот и Заменик на директорот склучуваат договор со Управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

Директорот и Заменик на директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.Одговорноста се утврдува согласно со одредбите на Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 33**

Директорот на јавното претпријатие покрај надлежностите утврдени со закон ги врши и следните работи :

1. го организира и раководи работењето на јавното претпријатие;
2. го претставува и застапува јавното претпријатие;
3. организира и обезбедува подготвување на нацрти и предлози на општи акти што ги донесува Управниот одбор;
4. се грижи за законитоста на одлуките и општите акти на јавното претпријатие;
5. ја организира и обезбедува работната дисциплина во јавното претпријатие;
6. решава за распоредување на работниците;
7. го определува работното време во вкупното годишно работно време;
8. донесува план за користење на годишен одмор;

9. донесува одлуки за поединечните права, обврски и одговорности на вработените;
10. обезбедува јавност во работата на претпријатието;
11. организира подготвување на седниците на Управниот одбор и неговите работни тела;
12. ги спроведува и извршува актите на Управниот одбор;
13. за резултатите од работењето на јавното претпријатие му поднесува извештај на Управниот одбор;
14. склучува договори за реализација на програмата и други договори за потребите од тековното работење на јавното претпријатие по претходно одобрение од Управниот одбор;
15. се грижи за остварување на обврските на јавното претпријатие од областа на одбраната согласно закон;
16. формира стручни комисии и работни тела;
17. донесува одлуки за службени патувања во странство на работниците во јавното претпријатие;
18. го информира Управниот одбор за одделни прашања од работењето на јавното претпријатие;
19. издава налози, упатства и наредби со кои се обезбедува работењето на јавното претпријатие;
20. дава мислење по прашања од надлежност на Управниот одбор до Владата на Република Северна Македонија и за тоа го известува Управниот одбор, и
21. врши и други работи определени со пропис, овој статут и другите општи акти на јавното претпријатие.

Во отсуство на Директорот тековното работење на јавното претпријатие го води заменик на директорот.

**Член 34**

Директорот и Заменик на директорот имаат право и должност да учествуваат во работата на Управниот и Надзорниот одбор, без право на глас.

**3.1. Носители на раководни функции**

**Член 35**

Носители на раководни функции во јавното претпријатие се помошници на директорот и раководители на сектори утврдени во општиот акт за внатрешна организација и систематизација на работите односно работните задачи .

***IX. Јавност во работата и деловна тајна***

**Член 36**

За работата на јавното претпријатие јавноста се запознава преку средствата за јавно информирање.

**Член 37**

Деловна тајна претставуваат исправите и податоците чие што соопштување и предавање или правење достапни на неовластено лице би им се нанела штета на интересите и угледот на јавното претпријатие.

**Член 38**

Со општ акт на јавното претпријатието се утврдуваат исправите и податоците кои претставуваат деловна тајна и поблиску се уредуваат другите прашања ,во врска со деловната тајна на јавното претпријатието.

Деловната тајна од став 1 на овој член се должни да ја чуваат сите вработени, членови на Управен одбор и членови на Надзорен одбор за контрола, кои знаат или на било кој начин дознаат за исправите и податоците што претставуваат деловна тајна.

***X. Заштита и унапредување на животната средина***

**Член 39**

Јавното претпријатие е должно својата дејност да ја врши на начин со кој се обезбедува заштита и унапредување на животната средина.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се уредува со општ акт на јавното претпријатие.

***XI. Соработка со синдикатот***

**Член 40**

Јавното претпријатие согласно закон и колективен договор обезбедува услови за работа и делување на Синдикатот односно синдикалната организазација.

**Член 41**

Синдикатот може на Директорот и на Управниот одбор да му поднесува предлози, мислења и забелешки од доменот на остварување и заштита на правата на работниците утврдени со закон,колективен договор и друг пропис.

За поднесените предлози, мислења и забелешки Директорот и Управниот одбор се должни да заземат став и за тоа да го известат Синдикатот во рок утврден со акт на јавното претпријатие со кој се утврдува заштита на правата на работниците.

***XII. Информирање на работниците***

**Член 42**

Информирањето на работниците се врши на начин определен со колективниот договор на јавното претпријатие.

***XIII.ОДБРАНА***

**Член 43**

Во услови на воена состојба Претпријатието продолжува со остварувањето на редовната дејност заради што во рамките на своето работење во мир, согласно Законот за одбрана и другите подзаконски акти од областа на одбраната спроведува подготовки во одбраната, изработува документи за работа во воена состојба и презема други мерки и активности.

Заради заштита на тајноста на податоците и информациите од областа на одбраната Претпријатието спроведува посебни мерки за заштита на истите.

***XIV. Општи акти***

**Член 44**

Општи акти на јавното претпријатие се: Статутот и други општи акти чие донесување е утврдено со закон.

**Член 45**

Општите акти ги донесува Управниот одбор на предлог на Директорот.

**Член 46**

Актите со кои се уредуваат прашања сврзани со организирање на процесот на работа и работењето на јавното претпријатие ги донесува Директорот.

**Член 47**

Општите акти на Јавното претпријатие се објавуваат на огласната табла во Јавното претпријатие, доколку со одредбите на актот не е определено поинаку.

**Член 48**

Изменувањето и дополнувањето на Статутот и другите општи акти се врши на начин и постапка применета при нивно донесување.

***XV.Преодни и завршни одредби***

**Член 49**

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој Статут ќе се донесат општите акти утврдени со закон,овој Статут и друг пропис.

**Член 50**

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласна табла на Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Пробиштип,
23.03.2023

Претседател на Управен одбор на ЈП ХС
Злетовица Пробиштип
Васко Златковски